# THE FUNCTION OF THE ECOLOGICAL EDUCATION IN THE PROTECTION AND IMPROVEMENT OF THE ENVIRONMENT

**Lulzime Lutfiu Kadriu, Ph.D**
Faculty of Philosophy-Pedagogy,“ State University of Tetova”- Tetova, Republic of Macedonia
lulzimekadriu@live.com

**Abstract:** In many cases man thoughtlessly exploits the nature and to a certain extent misuses the technique and knowledge thus, by his actions, he disorders the conditions of his own existence. However it is a significant fact that man has realized the danger that threatens him in the last decades and this has lead to an intensive development of the human ecology whose tendencies can be observed in the broader attempts for upbringing and education about the protection and improvement of the environment.

Considering pedagogy, it is very important that the human ecology, more than any other science, has developed the awareness for concert and the need for regulations of the attitude towards the nature. It is a pedagogical duty to spread that awareness according to the system of ecological education not only in schools but also in all spheres of the public life. The research of the problem issues for protection and improvement of the environment and the concern for practical implementation in preschool upbringing, primary and secondary education, probably can lead to the point where environment and education will find a place in the pedagogy. In that context a special attention can be paid to the question about the pedagogy as an educational science and to what extent it affirmed itself in setting up the goals, tasks and contents about protection, where we can find the essence of the problem for protecting and improving the environment etc. Taking into consideration the fact that the ecological crisis is the incitement for pedagogical discussion and desired initiatives in the pedagogical theory and practice, it is necessary for the education about the protection and improvement of the environment to become basis of the educational system which could shape the awareness that the environment is a whole and in mutual dependency and that it is a source of usage for the humans. This education can induce positive changes and advancement of life in the entire environment. Ecological education should be basis for the contemporary development of every country and people of all aged should be engaged, especially this refers to young generations. Thus it is very important to raise and educate the children from earliest age so that they can develop their ecological awareness more than older generations. The role of the ecological education is the students to get acquainted with the actions and the influence of the man on the environment by forms, activities and different dimensions of action. For this purpose students, in an adequate way, should understand the modern tendencies and opportunities of science, technique, technology, natural and social sciences as well as arts, for preservation and improvement of environment. Ecological education as a component the general educational action covers appropriation of the modern knowledge about ecological details, processes and phenomena which are connected with the environment, as well as forming habits, skills and positive attitudes connected with these processes and phenomena. This means that the function of the ecological education as a significant component of the education in terms of protection and improvement of the environment was, is and it is going to be of a great relevance and interest in the future.

**Keywords**: ecological education, protection and improvement, environment, function etc.

# ФУНКЦИЈАТА НА ЕКОЛОШКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА ОКОЛИНА

**Лулзиме Лутфиу Кадриу**
Филозофски Факултет – Педагогија “ Државен Универзитет во Тетово “ – Тетово ,
Република Македонија lulzimekadriu@live.com

**Резиме:** Човекот често непромислено ја експлоатира природата и во извесна мера злоупотребуваќи ја техниката и знаењато па со свои постапки ги нарушува условите за сопствена егзистенција. Но сепак е значајно тоа што човекот ја свати опасноста што му се заканува во последните децении и затоа и дошло до интензивен развој на хуманата екологија чии тенденции се гледаат во пошироките обиди за воспитание и образование за заштита и унапредување на животната околина.

За педагогијата е особено важно што хуманата екологија повеќе од сите други науки ја развила свеста за заедништво и потреба за регулација на односот кон природата. Педагошка должност е таа

свест да се проширува по системот на еколошка едукација и тоа не само во училиштата туку во сите пори на општествениот живот. Со проучувањето на проблематиката за заштита и унапредување на животната средина и грижата за практично споредување во предшколско воспитување, основно и средно образование, веројатно би се постигнало човековата околина и воспитувањето во неа да најдат место во педагогијата.

Во тој контекст посебен интерес заслужува прашањето колку педагогијата како наука за воспитувањето се афирмирала во поставување на цели, задачи и содржини за заштитата. Во што е суштинта на проблемот за заштита и унапредување на животната околина и сл.

Имајќи го во предвид фактот дека еколошката криза е и поттик за педагошка дискусија и сакани иницијативи во педагошката теорија и пракса. Неопходно за воспитание за заштита и унапредување на околината да постане основа на едукативниот систем кој би можел да ја обликува свеста дека околината е целокупна и во меѓусебна зависност и дека таа за човекот е извор од корист. Таа воспитание би поттикнало позитивни промени и унапредување на животот во целата околина.

Еколошкото воспитание треба да биде основ на современиот развој на секоја земја и треба да бидат опфатени луѓе од сите возрасти, особено се мисли на младите генерации. Затоа е најважно да се огледуваат и образуваат за заштита на животната средина од најрана возраст да им се развие еколошката свест повеќе од старите генерации.

Еколошкото воспитание има за задача да ги запознае учениците со дејностите и влијанието на човекот врз животната средина низ форми, активности и различните димензи на делување. За оваа цел учениците на адекватен начин треба да ги сватат современите тенденции и можностите на науката, техниката, технологијата, природните, општествените науки како и уметностите за зачувување и унапредување на животната средина.

Еколошкото воспитание како составен дел на сеопфатната воспитно образовна дејност опфаќа усвојување на современите знаењата за еколошките поединости, процеси и феномени кои се поврзани со животната средина како и формирање на навики, вештини и позитивни ставови поврзани со овие процеси и феномени. Значи, функцијата на еколошкото воспитание како значајна компонента на воспитанието во поглед на заштитата и унапредувањето на животната околина била, е и ќе биде и во иднина од големо значење и интерес .

**Клучни зборови :** еколошко воспитание, заштита и унапредување, животна околина, функција и др

## 1. ВОВЕД

Човекот како еден од живите суштества на планетата земја, не живее изолирано, туку е дел од тие кругови , и егзистира рамноправно со сите членови кои се во неговото соседство . Средината во која тој живее заедно со сите животни и растенија, се вика животна средина. Кога односите во средината не се менуваат велиме дека е воспоставена еколошка рамнотежа . Се поставува прашање, зошто ние толку многу се интересираме за еколошките рамнотежи и за средината во која живееме ? Зошто сакаме да живееме во чиста средина . Свесни сме дека тоа секако има некаква врска со нашето здравје и нашиот опстанок, како човечки суштества.[303]

Потоа, во својот сегашен развој екологијата придобива и хуманитарни размери . Таа е поврзана и со педагогијата, доколку разумниот однос спрема природата треба да се воспитува. Во тој поглед како задачи на *еколошката педагогија* се учениците да стекнат етички вредности и ставови во однос на животната средина како и одговорност за својот живот и животот на другите.[304]

Денес се поголем е бројот на луѓето кои дошле до сознание дека судбината на целиот свет е во рацете на човекот и дека е долг и подарок за иднината да се заштити природата, а воедно да се почитуваат и природните законитости бидејќи се уште има надеж да се направи нешто и да се најде рамнотежа меѓу штетното и полезното вплеткување во природата .

Тоа значи да се води сметка за нашето однесување, да мислиме еколошки свесно т.е. човекот треба да развива и еколошка свест со запознавање на природата .

303 Н.Томе, Екологија со Дефентологија, Универзитет “св.Климент Охридски” Битола:Киро Дандаров, (2001).

304 С.Миле, Еколошко воспитание–екологијата како наука, Воспитен Крстопат, Ноември, Год. I-30, бр.8,Скопје,с.31,( 1996 ).

**2. АКТУЕЛНИ БАРАЊА НА ЕКОЛОШКОТО ВОСПИТАНИЕ СО ОБЗИР НА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА ОКОЛИНА**

Еколошкото воспитание е релативно нова тема во педагогијата. Тоа е сврзано со степенот на цивилизираност на света. Без да се разгледува посебно, неговите проблеми секогаш го привлекуваат вниманието на воспитувачите. Со зголемено и подобрено еколошко воспитание се настојува да се зголеми грижата и одговорноста на сите, на возрасните и на децата . Секој треба да биде запознат со патиштата и начинот за стабилизација на хармонијата помеѓу општеството и природата.[305]

Воспитната работа подразбира чести средби и разговори за природната вредност но и чести вреднувања на позитивни и негативни постапки во нив. Колку учениците почесто со тоа се среќаваат со тоа побргу ќе ги обликуваат еколошките ставови , кои зборуваат дека заштитата околу нас уште не е доследно поставена во воспитно образовниот систем ниту како принцип ниту како наставен предмет .

Денес особено важни еколошки проблеми се вода, храна и енергија , проблеми со бука, природни непогоди и сл. Бидејќи односот кон околината треба да е похуман тогаш во еколошкото образование во секое одделение од основното училиште треба да се настојува да се изградуваат општествено позитивни погледи и уверувања, ставови и односи кон еколошките прашања .

Основните еколошки запознавања и навики создадени во предшколско време се предуслов за понатамошна воспитна работа за основно училиште. Меѓутоа до поактивна положба на ученикот во воспитување не може да се дојде преку педагошка "наредба" за тоа се потребни одредени услови а нив ги пружа новиот план за основно воспитување кој посебно значење придава на индивидуализација на воспитно образовната работа .

Во продолжение ќе наведеме само некои од барањата кои би можело а и би требало да се реализираат преку еколошкото воспитание и образование во воспитно образовните институции, и истите ги сметме за значајни во заштитата и унапредувањето на животната околина . Тие барања се следниве :

- Поврзување на образовната и воспитната функција во содржините за екологија и заштита на животната срединатa .
- Детските градинки и школите не би требало да бидат единствени места во кои се остваруваат целите и задачите за екологија.
- Воспитно образовната работа да биде организирана и во посебни центри , задруги и културни центри, спортски и технички активности во просториите на месната заедница и сл.
- Вonнаставната работа која би се изведувала да биде добра прилика учениците подобро да ги запознаат еколошко негативните услови за живот и работа како и мерките за спречување од негативниот однос кон околината.
- Без обзир кој ги организира активностите, училиштето да ги прифати тие облици на работа, да ја следи нивната реализација но и да ги вреднува практичните резултати. Така полесно непосредната околина ќе се направи хумана.
- Воспитувањето и образованието за заштита да се вклучи поинтензивно во работната програма во градинките и младинските организации - училиштето, во кои институции учениците сами создаваат услови за успешно воспитно делување .
- Училиштето да биде установа а воедно и еден од факторите од кој се очекува да делува позитивно за формирање еколошка свест кај учениците .
- Современото воспитување претпоставува дека сите општествени фактори делуваат позитивно и дека целото општество треба да биде силна воспитна заедница.[306] Без разлика на тоа колкумина се залагаат за заштита на околината решението треба да се бара во хуманите општествени односи кои можат да ги отстранат причините за еколошката криза. Со други зборови нема прогрес на човештвото додека сите не го согледуваат во тоталитет. Светските друштвени определувања за намалување и отстранување на еколошките проблеми денес претежно се и сватени, но неопходно е и нивната практична примена.[307]

[305] Л.Димитров ; С.Чернов; Г.Бишков; Ж.Атанасов ;,Теорија на воспитанието, Аскони Издат, София ,( 1994).

[306] Uzelac Vinka, Osnove ekoloskog odgoja, Skolske Novine , Zagreb,( 1990 ).

[307] T. Muscacung, Ekoloska gibanja u svjetu i Jugoslaviji, u: Drustvo i ekoloska kriza, Sociolosko drustvo Hrvatske, Zagreb , c.117-121, (1988 ).

Меѓутоа и покрај законодавно - правните прописи останува фактот дека уште не е дојдено до масовни примени во заштитата е унапредувањето на животната околина. Значи кон таа проблематика сеуште се пристапува кампањски и несистематски .[308]

## 2.1. ЦЕЛТА НА ЕКОЛОШКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Нужно е еколошкото воспитение и знаење да се интегрира не само во природните туку и во хуманистичките наставните предмети, а при тоа да не ги оптеретуваат ни учениците ни студентите туку тие предмети да станаат по занимливи за нив.

Кога би се вовела еколошката етика во образовните содржини тогаш нејзината цел би била:
1. Разбирање на меѓузависност на живите суштества и еколошките системи.
2. Разбирања на вниманието спрема природата
3. Обѕир спрема потребите на идните генерации
4. Заштита на природата
5. Разбирање на односите помеѓу зачувување на екологијата и развојот

Поради ова секој наставник би морал самиот на себе да си го постави прашањето "Дали она што го подучува е во склад со еколошката етика". Постојат и верувања дека еколошките проблеми можат да се решат со технолошката моќ, но нуклеарните и другите индустриски катастрофи покажуваат дека ни високите технологии не се секогаш безпрекорни па затоа се почести се апелите за човековото воспитување . Значи , дека и сите наставници а и сите нивни ученици се задолжително и еколози. [309]

## 3. НАСОКИ НА ЕКОЛОШКОТО ВОСПИТАНИЕ

Една чиста заштитена средина не е луксуз туку фундаменталната потреба за човекот . Односот на човекот кон природата се изразува во три основни насоки : утилитарно-практичен , научно-образовен и естетски .

*3.1 Утилитарно - практичниот однос* кон природата и поврзаноста со него е примарен и најобемен, затоа што е пројавен кај сите луѓе. Ваквиот однос се појавува уште од времето кога човештвото било во почетните историски степени на својот развој, кога непосредно и ги користело природните богатсва. Овој однос е првенствено консумативен . Основниот стремеж бил да се придобијат средства за живот. Утилитарно-практичниот однос е нормален, ако со него не се предизвикаат намерни злоупотреби или такви од невнимание.

*3.2.Научно-образовниот однос* се појавил покасно. Благодарение на придобиените познавања станува возможно човекот да се инволвира во стимулирањето на животните функции. Благодарение на интелектуалната култура која постојано се обогатува а со тоа и способноста за творење на човекот , законите на природата се повеќе ги откриваат своите тајни. Ова ни овозможува разумно да се вклучиме во облагородувањето на природната средина.

*3.3. Естескиот однос* се појавува уште во зората на историското човечко битие . Човекот бил восхитен од разнообразаноста на боите и формите од ритамот и убавината на природните стихи, од прекрасната величественост на целокупната вселена. Естетскиот однос кон природата се развива заедно со нејзиното непосредно спознавање и рационално откривање . Човекот природата ја откривал исто така како извор на убавина и објект на уметничко пресоздавање . Ова се случувало заедно со проширувањето на неговата културна свест .

Еколошкото воспитание придобива се поголемо значење затоа што е ориентирано кон младите поколениа да ја чуваат и негуваат неприкосновеноста и хигиената во нашиот општ дом , а тоа е природната и социалната средина каде што живееме.[310]Атмосферата се повеќе е загадено со отровни

[308] V. LAY, Praksa zastite zivotne sredine u Jugoslovenskom drustvu i protivrjecnosti interesa subjekta koji su u igri , u : Drustvo i ekoloska kriza, Spociolosko drustvo , Hrvatske, Zagreb, (1988 ).

[309] Ратковиќ Милан, Образовање и промене , Београд ,(1997 ).

[310] Л.Димитров ; С.Чернов; Г.Бишков; Ж.Атанасов ; Теорија на воспитанието, Аскони Издат, Софија , (1994).

гасови и испарувања, индустриските претпријатија и транспортните средства неконтролирано го загадуваат воздухот, особено во големите градски центри. Луѓето треба да превземат поактивна позиција . Кај младите да се воспитува чувството на одговорност кон животната средина.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Еколошкото воспитание е од големо значање за опстанокот на човештвото, затоа со овој проблем денеска се занимаваат многу меѓународни организации, владини и невладини организации и др. Тоа се прави со цел да не се наруши и понатаму рамнотежата на релација човек-природа. Заради тоа, денеска во светот се организираат разни конференции, конгреси, симпозиуми, семинари, колоквиуми и други активности кои се обврзувачки за земјите во светот. Во сите овие документи се бара еколошка воспитание за сите луѓе .

Меѓународните норми и програми ќе можат да се реализираат успешно ако се преточуваат во националните програми, односно училишните програми на секоја земја, се разбира, според условите и потребите и ако при нивната реализација се вклучуваат сите: деца, учениците, студентите, нивните наставници и останатите. Постоењето на потребата за еколошкото воспитување во многу земји не може да се издвои посебно од процесот на предшколско и основношколство воспитување.

Поимот еколошко воспитување се констатира според некои концепции и постепено добива целост во вклучување на новиот однос кон населението и просторот во кој се живее и работи .Оние кои влијаеле и кои можаат уште да влијаат на реализацијата на еколошкото воспитување се воспитувачи и наставници . Од нив најмногу зависи каква положба и значање ќе добие еколошкото воспитување во детските градинки, основни и средни училишта.

Човекот не смее да ја уништува животната природа туку активно да ја штити и не само од разни штетници, туку и од самиот себеси . Секогашната еколошка криза во светот може да се решава само со темелна промена во начинот на мислењето на луѓето. Мотото на сите еколошки организации гласи: “ Мисли глобално, делувај локално”. За неговото значење секој треба да размисли поединечно. Еколошкото воспитание е задача на денешниот ден но неговите резултати се проектирани за утрешните дни и години .

## ЛИТЕРАТУРА

Uzelac Vinka, Osnove ekoloskog odgoja, Skolske Novine , Zagreb, 1990 .
Н.Томе, Екологија со Дефентологија, Универзитет “св.Климент Охридски” Битола:Киро Дандаров, 2001.
С.Миле, Еколошко воспитание–екологијата како наука, Воспитен Крстопат, Ноември, Год. I-30, бр.8,Скопје, 1996.
T. Muscacung, Ekoloska gibanja u svjetu i Jugoslaviji, u:Drustvo i ekoloska kriza, Sociolosko drustvo Hrvatske, Zagreb ,1988.
V. LAY, Praksa zastite zivotne sredine u Jugoslovenskom drustvu i protivrjecnosti interesa subjekta koji su u igri , u : Drustvo i ekoloska kriza, Spociolosko drustvo , Hrvatske, Zagreb, 1988.
Л.Димитров ; С.Чернов; Г.Бишков; Ж.Атанасов ,Теорија на воспитанието, Аскони Издат, Софија , 1994.
R. Supek , Ova jedina zemja, Zagreb, 1978 .
Ратковиќ Милан, Образовање и промене , Београд ,1997 .
H.Gudjons , Pedagogija , Educa-Zagreb, 1993.
Z. Amzi , Teoria e edukatës , Tetovë ,2006 .
https://sq.wikipedia.org/wiki/Ekologjia